# **И З В Е Ш Т А Ј**

ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА

ЈП „СТРЕЖЕВО“ - БИТОЛА

ВТОРОТО ТРОМЕСЕЧИЕ

ОД 01.04.2018 ДО 30.06.2018

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈП „СТРЕЖЕВО" – БИТОЛА ЗА ВТОРО ТРОМЕСЕЧИЕ ВО 2018 ГОДИНА

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
"СТРЕЖЕВО"
БР 05-576/1
17.08. 2018 ГОД
БИТОЛА

| Изработиле: | Раководител на финансии | Шеф на сметководство |
|---|---|---|
| | *Ангелевски Љупчо* | *Грујовска Мимоза* |
| | *дипл.економист* | *дипл.економист* |

Одобрил: *Директор*

*Методија Граматковски д.е.и.*

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ "СТРЕЖЕВО" Битола

Анализирајќи го прегледот на финансиските показатели на ЈП „Стрежево“ - Битола за второто тромесечие од 2018 година, споредено со оствареното во второто тромесечие од 2017 година, може да се заклучи дека во анализираниот период се вршеше навремена исплата на плати и надоместоци на плати, редовно и навремена исплата на обврски спрема УЈП по основ на ДДВ како и исплата на обврските спрема добавувачите.

Вкупниот приход во второто тромесечие во 2018 година изнесува 46.460.480 денари, или споредено со вкупниот приход во второто тромесечие од 2017 година покажува зголемување за 5,39 индексни поени.

Имено зголемувањето на приходите во ова тромесечие главно произлегува од комбинираното влијание на одредени приходи, и тоа:

– зголемени приходи од вода за земјоделие за 9,53 индексни поени;
– зголемени приходи од произведена електрична енергија за 107,26 индексни поени;
– зголемени приходи од продадени карти за влезници за Риболов за 28,17 индексни поени;
– зголемени приходи од наплатени отпишани побарувања за 38,49 индексни поени;
– намалени приходи од продадени риби од Рибник за 56,47 индексни поени и намалени приходи од продадени риби преку Рибарница за 26,20 индексни поени и дадени услуги за 27,36 индексни поени;
– намалени приходи од Јавното комунално претпријатие „Водовод“ – Битола за водоснабдување на население, заради неиспорака на вода во второто тромесечие во 2018 година како резултат на поволната хидролошка состојба на изворите на вода во сопственост на „Водовод;
– намалени приходи од закуп за 73,63 индексни поени, поради раскинување на договорот за закуп со закупопримачот;
– намалени приходи во второто тромесечие во 2018 во однос на 2017 година има и во делот на дотации и донации, останати приходи од работењето и камати од работењето;
– приходите од вода за снабдување на индустријата во второто тромесечие од 2018 година главно е на ниво од 2017 година.

Вкупните расходи во второто тромесечие од 2018 година изнесуваат 109.193.325 денари, или споредено со вкупните расходи во второто тромесечие од 2017 година покажуваат намалување за 4,28 индексни поени. Вкупните расходи без амортизација изнесуваат 41.850.075 денари или за 9,58 индексни поени пониски од второто тромесечие во 2017 година.

**Анализа на пооделни трошоци**

**400 Трошоци за суровини и материјали за производство**

Кај ова конто има зголемување на трошоците за 129,96 индексни поени, како резултат на зголемени трошоци за потрошени суровини и материјали за производство за 22,58 индексни поени, потрошен материјал за ХТЗ за производство кој се набавува согласно правилниците за набавка на материјали за хигиено – техничка заштита на вработените. Во 2017 година не биле набавени материјали за ХТЗ за производство. Во делот на потрошен помошен материјал, материјали за хигиена, потрошени канцelariски материјали има значително намалување на трошоците.

**401 Трошоци за материјали за администрација**

Кај ова конто има зголемување на трошоците за 44,58 индексни поени, итоа во делот на канцелариски материјали за администрација, материјали за хигиена и ХТЗ опрема за администрација согласно правилникот за ХТЗ опрема, додека кај останат потрошен материјал за управа има значително намалување.

**402 Трошоци за енергија за производство**

Кај ова конто има зголемување за 10,04 индексни поени што произлегува од значително зголемени трошоци за потрошени моторни масла и мазива за производство, за потребите на хидроцентралите. Во другите позиции на ова синтетичко конто има намалување на трошоците, итоа во делот на потрошен плин и огревно дрво, потрошено дизел гориво и потрошен бензин за возилата.

**403 Трошоци за енергија за администрација**

Кај ова конто има намалување на трошоците за 29,52 индексни поени, и тоа кај трошоци за потрошена електрична енергија, за потрошено масло за ложење, за потрошени дизел и бензин горива, додека трошоците за потрошени масла и мазива, и во делот на потрошен плин има зголемување на трошоците.

**404 Трошоци за резервни делови и материјали за одржување во производство**

Кај ова конто има значително зголемување на трошоците за 108,47 индексни поени заради поголемиот број на интервенции и замената на дотраената хидромеханичка опрема во спроведените активности за одржување на деталната цевководна мрежа, со што се обезбедува спремно да се започне сезоната за наводнување. Кај аналитичките позиции што се однесуваат на резервни делови за градежни машини и патнички возила има намалување на трошоците.

**405 Трошоци за резервни делови и материјали за одржување за администрација**

Кај ова конто има значително зголемување на трошоците, итоа во делот на трошоците за резервни делови за возила за администрација.

**407 Трошоци за ситен инвентар, амбалажа и автогуми за производство**

Кај ова конто има намалување на трошоците за 18,45 индексни поени, кое произлегува од намалени трошоци за отпис на ситен инвентар и авто гуми во делот на производството.

**408 Трошоци за ситен инвентар, амбалажа и автогуми за администрација**

Кај ова конто нема значителен промет.

**410 Транспортни услуги**

Кај ова конто главно нема промет, освен во случаите кога се ангажира специфично транспортно средство за пренос на цевки со поголеми димензии, кои самото претпријатие не е во можност да го изврши.

**411 Трошоци за Поштенски, телефонски и интернет услуги**

Кај ова конто има намалување за 16,36 индексни поени што произлегува од намалените трошоци за поштенски услуги, фиксната телефонија и интернет услугите, а има незначително зголемување на трошоците за мобилна телефонија.

**412 Надворешни услуги за изработка на добра и извршување на услуги**

Кај ова конто нема значителен промет.

**413 Услуги за одржување и заштита**

Кај ова конто има намалување на трошоците за 24,71 индексни поени, итоа кај трошоците за услуги за тековно одржување на недвижности и опрема и услуги за одржување и сервис на моторни возила.

**414 Трошоци за наем - лизинг**

Кај ова конто има намалување на трошоците во делот на наемнини за недвижности.

**415 Комунални услуги**

Кај ова конто има зголемување на трошоците за 17,86 индексни поени, итоа во делот на трошоците за водоснабдување, трошоците за ветеринарни и санитарни услуги и трошоците за услуги за дезинфекција, дезинсекција и дератизација, додека кај трошоците за канализација има намалување.

**417 Трошоци за реклама, пропаганда, промоција и саеми**

Кај ова конто има намалување на трошоците за 44,56 индексни поени.

**419 Останати услуги**

Кај ова конто главно трошоците се на ниво на трошоците од второто тромесечие во 2017 година.

**420 и 421 Плати и надоместоци на плати во производство и администрација**

На контото 420 – плати и надоместоци на плати во производство има намалување на трошоците за 9,09 индексни поени заради намалена исплата за прекувремени саати, додека на конто 421 – трошоците за плати и надоместоци на плати во администрација има незначително зголемување за 1,93 индексни поени во второто тромесечие од 2018 година.

**422 Останати трошоци на вработените**

На ова конто во второто тромесечие во 2018 година има значително намалување на трошоците заради исплатата на регрес за годишен одмор (К-15) која во 2017 година е извршена во второто тромесечие, додека во 2018 година исплатата е извршена во третото тромесечие и како трошок ќе се појави во трето тромесечие.

**430 и 432 – Трошоци за амортизација за производство и администрација**

На конто 430 трошоците за амортизација за производство главно се на ниво на 2017 година, исто и контото 432 трошоци за амортизација за администрација се главно на ниво на 2017 година.

**440 Дневници за службени патувања, ноќевања и патни трошоци**

Кај ова синтетичко конто има намалување на трошоците за 13,28 индексни поени, итоа главно во делот на дневници во земјата, а кај патните трошоци во земјата има зголемување на трошоците. Дневници и патни трошоци во странство во ова тромесечие нема.

**441 Надомест на трошоци за вработени**

Кај ова синтетичко конто има намалување на трошоците за 38,21 индексни поени, итоа во делот на трошоците за исхрана за ноќна работа и останати трошоци на вработените, додека кај трошоците за семинари има зголемување. Трошоци за задолжителни систематски прегледи и стручно усовршување во второто тромесечие во 2018 година нема.

**442 Трошоци за надомест и други примања на членови на УО и НО**

Кај трошоците за надомест и други примања на членови на Управен и Надзорен одбор во второто тромесечие од 2018 година има зголемување за 8,23 индексни поени во однос на трошоците од второто тромесечие во 2017 година, поради целосно комплетирање на органите на управување на претпријатието.

**443 Трошоци за спонзорства и донации**

Кај ова конто има зголемување за 52,74 индексни поени. Зголемувањето се однесува на трошоците за спонзорства, додека во делот на други трошоци за дадена помош има намалување на трошоците.

**444 Трошоци за репрезентација**

Кај ова конто има намалување на трошоците за 6,16 индексни поени.

**445 Трошоци за осигурување**

Кај ова конто во второто тромесечие во 2018 година има зголемување на трошоците за осигурување во однос на трошоците во второто тромесечие од 2017 година за 18,85 индексни поени, како резултат на зголемена премија за осигурување, согласно склучениот договор со осигурителната компанија како најповолно избрана во процесот на јавните набавки.

**446 Банкарски услуги и трошоци за платен прометпровизии**

Кај ова конто има намалување за 12,62 индексни поени што зависи од бројот на финансиските трансакции во соодветниот период.

**447 Даноци кои не зависат од резултатот и останати трошоци**

Кај ова конто има значително зголемување на трошоците за 185,48 индексни поени, и тоа во делот на надоместокот за користење на вода 1% за производство на електрична енергија, и во делот на судските такси и административните услуги.

**448 Трошоци за користење на права**

Кај ова синтетичко конто 448 - Трошоци за користење на права, во второто тромесечие во 2018 година се појавуваат трошоци во делот на надомест за концесија за рибарство, надомест за лиценца за производство на електрична енергија и надомест за цена на вода кон Регулаторна комисија за енергетика, кои во 2017 година се книжани во трето и четврто тромесечие.

**449 Останати трошоци на работењето**

Кај ова конто има намалување на трошоците за 24,15 индексни поени, кое произлегува главно од намалувањето на трошоците по договор за дело, трошоци за вештачење, трошоци за нотарски услуги и трошоци за весници и списанија, додека во делот на трошоците за ревизија на финансиските извештаи, трошоци за адвокатски услуги, трошоци за извршители, трошоци за лиценци и сертификати има зголемување на трошоците. Во второто тромесечие во 2018 година, трошоци за интелектуални услуги нема.

**464 Кусоци, кало, растур, расипување и кршење**

Кај ова конто има значително намалување на трошоците за 66,79 индексни поени во делот на работењето на Рибникот, поради намалената смртност на риби.

**468 Надомест на штети**

Кај ова конто има значително зголемување на трошоците што произлегува од висината на исплатените штети од водостопанска дејност и надомест на штети по судски пат за штетен настан кој се однесува на минати години. Инаку штетите се осигурани и главно ги признава осигурителната компанија.

**474 Камати од работењето**

Кај ова конто има зголемување на трошоците кои главно се однесуваат на камати по судски решенија и камати за ДДВ, додека во делот на камати по обврски кон добавувачите има намалување на трошоците.

**700 Расходи врз основа на продадени производи и услуги**

Кај ова конто има намалување на расходите за 48,39 индексни поени, како резултат на намалената продажба на риби од Рибник во ова тромесечие во 2018 година, во однос на 2017 година.

**701 Набавна вредност на продадени стоки**

Кај ова конто има намалување на расходите за 26,52 индексни поени, како резултат на намалени расходи за набавна вредност на продадени стоки преку Бифе ски лифт и Рибарница што е резултат на намалена продажба.

**703 Набавна вредност на продадени материјали**

Ова конто се однесува на набавната вредност на продадени цевки на ЈП „Македонски Шуми“ и во второ тромесечие во 2017 година не се јавува.

Од прегледот за остварените финансиски показатели за второто тромесечие за 2017 и 2018 година произлегува дека вкупните неизмирени обврски се намалени за 37,86 индексни поени, како резултат на намалени обврски кон добавувачи, намалени обврски за нефактурирани стоки, намалени обврски за ДДВ, намалени обврски за надомест за користење на вода и намалени обврски кон вработените.

Вкупните побарувања од купувачите се намалени за 26,54 индексни поени. Ова намалување претежно се однесува на намалени побарувања од Земјоделскиот комбинат „Пелагонија“ од Битола, и намалени побарувања од продадени риби, додека во делот на побарувањата за произведена електрична енергија и останати побарувања за извршени услуги има зголемување на побарувањата.

Состојбата на жиро сметката на крајот на ова тромесечие е поволна и изнесува 20.661.569 денари.

Бројот на лица вработени на неопределено време е зголемен за 2,59 индексни поени или за 6 лица, заради реализирани нови вработувања.

## ОСТВАРЕНИ ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА 2017 И 2018 И ПЛАНИРАНИ ЗА 2018 ЗА II ТРОМЕСЕЧИЕ

| Конто | Опис | Планирано 2018 | Остварено 2017 | Остварено 2018 | Структурна анализа 2018 | Индекс на оств. / план. за 2018 год. | Индекс на остварено 2018 / 2017 | Образлож. забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | II тромес. | II тромес. | II тромес. | II тромес. | II тромес. | II тромес. | II тромес. |
| | **1.Вкупно приходи** | **48.090.551** | **44.083.009** | **46.460.480** | **100,00%** | **96,61** | **105,39** | |
| 740 | Приходи од продажба на производи и услуги | 47.261.216 | 42.803.488 | 46.041.274 | 99,10% | 97,42 | 107,56 | |
| 743 | Прих.од прод.на матер.рез.дел. и отпадоци | 0 | 0 | 44.236 | 0,10% | | | |
| 745 | Приходи од употреба на сопст.добра и услуги | 112.373 | 126.917 | 127.907 | 0,28% | 113,82 | 100,78 | |
| 747 | Приходи од закуп | 72.720 | 275.797 | 72.720 | 0,16% | 100,00 | 26,37 | |
| 749 | Останати приходи од продажба | 0 | 0 | 0 | 0,00% | | | |
| 760 | Добивки од прод.на немат.и мат.средства | 15.670 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00 | | |
| 764 | Вишоци | 0 | 0 | 0 | 0,00% | | | |
| 765 | Приходи од наплатени отпиш.побарувања | 45.585 | 75.399 | 104.420 | 0,22% | 229,06 | 138,49 | |
| 767 | Приходи од премии,субв.дотации и донации | 25.000 | 425.904 | 9.498 | 0,02% | 37,99 | 2,23 | |
| 769 | Останати приходи од работењето | 526.174 | 334.922 | 43.553 | 0,09% | 8,28 | 13,00 | |
| 774 | Приходи од камати од работењето | 31.812 | 40.582 | 16.873 | 0,04% | 53,04 | 41,58 | |
| 775 | Приходи од курсни разлики од работењето | 0 | | 0 | 0,00% | | | |
| 776 | Приходи од вложувања - дивиденди | 0 | | 0 | 0,00% | | | |
| | **2.Вкупно расходи** | **113.707.444** | **114.077.507** | **109.193.325** | **100,00%** | **96,03** | **95,72** | |
| | **2.Вкупно расходи - без амортизација** | **46.385.004** | **46.285.863** | **41.850.075** | | **90,22** | **90,42** | |
| 400 | Трошоци за суровини и материјали за п-во | 226.274 | 314.978 | 724.319 | 0,66% | 320,11 | 229,96 | |
| 401 | Трошоци за материјали за администрација | 122.628 | 92.290 | 133.437 | 0,12% | 108,81 | 144,58 | |
| 402 | Трошоци за енергија за производство | 1.278.711 | 1.300.197 | 1.430.771 | 1,31% | 111,89 | 110,04 | |
| 403 | Трошоци за енергија за администрација | 409.050 | 369.247 | 260.259 | 0,24% | 63,63 | 70,48 | |
| 404 | Трош. за рез. дел. и матер. за одрж. за п-во | 1.949.247 | 724.309 | 1.509.989 | 1,38% | 77,47 | 208,47 | |
| 405 | Трош. за рез. дел. и матер. за одрж. за админ. | 36.118 | 13.959 | 21.297 | 0,02% | 58,97 | 152,57 | |
| 407 | Трош. за сит. инв. амбал. и автогуми за п-во | 329.437 | 298.720 | 243.596 | 0,22% | 73,94 | 81,55 | |
| 408 | Трош. за сит. инв. амбал. и автогуми за админ. | 8.481 | 0 | 1.379 | 0,00% | 16,26 | | |
| 410 | Транспортни услуги | 109 | 59 | 25.000 | 0,02% | 22.838,35 | 42.372,88 | |
| 411 | Поштенски,телефон.и интернет услуги | 500.094 | 469.916 | 393.016 | 0,36% | 78,59 | 83,64 | |
| 412 | Надв.услуги за израб.на добра и изврш.усл. | 1.876 | 3.818 | 0 | 0,00% | 0,00 | 0,00 | |
| 413 | Услуги за одржување и заштита | 727.141 | 665.340 | 500.940 | 0,46% | 68,89 | 75,29 | |
| 414 | Наем - лизинг | 40.449 | 55.992 | 36.600 | 0,03% | 90,48 | 65,37 | |
| 415 | Комунални услуги | 113.562 | 112.430 | 132.506 | 0,12% | 116,68 | 117,86 | |
| 417 | Трош.за реклама,пропаг.пром.саеми | 133.222 | 222.093 | 123.127 | 0,11% | 92,42 | 55,44 | |
| 419 | Останати услуги | 126.495 | 216.915 | 217.785 | 0,20% | 172,17 | 100,40 | |
| 420 | Плата и надоместоци на плата за п-во | 22.658.821 | 22.964.650 | 21.106.563 | 19,33% | 93,15 | 91,91 | |
| 421 | Плата и надоместоци на плата за админ. | 8.941.451 | 8.785.749 | 8.955.719 | 8,20% | 100,16 | 101,93 | |
| 422 | Останати трошоци за вработените | 2.179.942 | 2.986.914 | 115.872 | 0,11% | 5,32 | 3,88 | |

| Конто | Опис | Планирано 2018 | Остварено 2017 | Остварено 2018 | Структурна анализа 2018 | Индекс на оств. / план. за 2018 год. | Индекс на остварено 2018 / 2017 | Образлож. забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **II тромес.** | **II тромес.** | **II тромес.** | **II тромес.** | **II тромес.** | **II тромес.** | **II тромес.** |
| 430 | Трошоци за амортизација за п-во | 66.952.907 | 67.434.546 | 66.988.514 | 61,35% | 100,05 | 99,34 | |
| 431 | Трошоци за амортизација на биол.средства | 0 | 0 | 0 | 0,00% | | | |
| 432 | Трошоци за амортизација за админ. | 369.534 | 357.098 | 354.736 | 0,32% | 96,00 | 99,34 | |
| 440 | Дневници за služб.пат.ноќев.и патни трош. | 82.153 | 82.804 | 71.811 | 0,07% | 87,41 | 86,72 | |
| 441 | Надомест на трошоци на вработени | 376.414 | 267.657 | 165.394 | 0,15% | 43,94 | 61,79 | |
| 442 | Трош.за надом.и др.прим.на чл.на У.О. и Н.О. | 483.106 | 413.364 | 447.402 | 0,41% | 92,61 | 108,23 | |
| 443 | Трошоци за спонзорства и донации | 292.850 | 430.157 | 657.021 | 0,60% | 224,35 | 152,74 | |
| 444 | Трошоци за репрезентација | 57.496 | 92.608 | 86.903 | 0,08% | 151,15 | 93,84 | |
| 445 | Трошоци за осигурување | 952.406 | 896.899 | 1.065.935 | 0,98% | 111,92 | 118,85 | |
| 446 | Банкарски услуги и трош.за платен промет | 55.837 | 56.160 | 49.075 | 0,04% | 87,89 | 87,38 | |
| 447 | Дан.кои не зависат од резулт.член.и др. | 461.216 | 79.431 | 226.763 | 0,21% | 49,17 | 285,48 | |
| 448 | Трошоци за користење на права | 99.632 | 0 | 169.038 | 0,15% | 169,66 | | |
| 449 | Останати трошоци на работењето | 1.093.973 | 1.306.778 | 991.219 | 0,91% | 90,61 | 75,85 | |
| 452 | Вредн.усоглас.на вложувања во недвижности | 0 | 0 | 0 | 0,00% | | | |
| 455 | Вредн.усоглас.на краткор.побарувања | 0 | 0 | 0 | 0,00% | | | |
| 460 | Загуба од расход.на матер.средства | 0 | 0 | 0 | 0,00% | | | |
| 464 | Кусоци, кало, растур, расип.и кршење | 499.581 | 723.076 | 240.121 | 0,22% | 48,06 | 33,21 | |
| 466 | Расход од отпис на побарувања | 0 | 0 | 0 | 0,00% | | | |
| 468 | Казни, пенали, надомест за штети и др. | 64.486 | 30.259 | 298.753 | 0,27% | 463,28 | 987,32 | |
| 469 | Останати расходи од работењето | 0 | 0 | 0 | 0,00% | | | |
| 474 | Расходи за камати од работење | 328 | 668 | 11.097 | 0,01% | 3.380,42 | 1.661,23 | |
| 4 | | 0 | 0 | 0 | 0,00% | | | |
| 4 | | 0 | 0 | 0 | 0,00% | | | |
| 700 | Расходи на продадени производи и услуги | 1.043.220 | 1.386.128 | 715.415 | 0,66% | 68,58 | 51,61 | |
| 701 | Набавна вредност на продадени стоки | 1.039.197 | 922.298 | 677.717 | 0,62% | 65,22 | 73,48 | |
| 703 | Набавна вредност на продад. материјали | 0 | 0 | 44.236 | 0,04% | | | |
| | **3.Финансиски резултат (Добивка/Загуба)** | **-65.616.893** | **-69.994.498** | **-62.732.845** | | | | |
| | **3.Финан.резултат (Доб./Заг.) - без амор.** | **1.705.547** | **-2.202.854** | **4.610.405** | | | | |
| | | | | | | | | |
| | **4.Вкупни неизмирени обврски** | | **31.078.137** | **19.312.817** | **100,00%** | | **62,14** | |
| 4.1 | Обврски кон добавувачи | | 18.451.304 | 8.638.182 | 44,73% | | 46,82 | |
| 4.2 | Обврски за нефактурисани стоки | | 666.284 | 126.148 | 0,65% | | 18,93 | |
| 4.3 | Обврски за данок од добивка | | | | 0,00% | | | |
| 4.4 | Обврски за ДДВ | | 6.108.409 | 5.541.742 | 28,69% | | 90,72 | |
| 4.5 | Обврски по судски решенија | | | | 0,00% | | | |
| 4.6 | Обврски за надомест за користење на вода | | 59.030 | 46.286 | 0,24% | | 78,41 | |
| 4.7 | Обврски кон вработени | | 5.793.110 | 4.960.459 | 25,68% | | 85,63 | |

| Конто | Опис | Планирано 2018 | Остварено 2017 | Остварено 2018 | Структурна анализа 2018 | Индекс на оств. / план. за 2018 год. | Индекс на остварено 2018 / 2017 | Образлож. забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | II тромес. | II тромес. | II тромес. | II тромес. | II тромес. | II тромес. | II тромес. |
| | **5.Вкупни ненаплатени побарувања** | | **86.893.571** | **63.836.052** | **100,00%** | | **73,46** | |
| 5.1 | Побарувања од продадени риби | | 5.170.574 | 4.261.022 | 6,67% | | 82,41 | |
| 5.2 | Побарувања од угостителски услуги | | | | 0,00% | | | |
| 5.3 | Побарувања од ел.енергија | | 2.085.701 | 3.165.622 | 4,96% | | 151,78 | |
| 5.4 | Побарувања од вода | | 79.430.363 | 55.705.445 | 87,26% | | 70,13 | |
| 5.5 | Други побарувања - извршени услуги | | 206.933 | 703.963 | 1,10% | | 340,19 | |
| | **6.Состојба на жиро сметки** | | **1.138.014** | **20.661.569** | 0 | | **1.815,58** | |
| | **7.Хартии од вредност - удели КД Фондови** | | | **20.000.000** | 0 | | | |
| | **8.Депозит во Стопанска Банка АД Битола** | | | **20.000.000** | 0 | | | |
| | **9.Вкупен број на лица** | | **246** | **243** | **100,00%** | | **98,78** | |
| 9.1 | Број на лица вработени на неопред.време | | 232 | 238 | 97,94% | | 102,59 | |
| 9.2 | Број на лица ангажирани со договор за дело | | 14 | 5 | 2,06% | | 35,71 | |
| | **10.Износ на просечно исплат. нето плата** | | **30.587** | **28.715** | | | **93,88** | |

**ТАБЕЛА НА АНАЛИТИЧКИ КОНТА КОИ СЕ СОДРЖАНИ ВО СИНТЕТИЧКИТЕ КОНТА 419 ( ОСТАНАТИ УСЛУГИ ), 422 ( ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ НА ВРАБОТЕНИ ) И 449 ( ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ОД РАБОТЕЊЕТО ) ЗА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ ВО ВТОРО ТРОМЕСЕЧИЕ ВО 2108 ГОДИНА**

| Конто | Опис | | | Остварено 2016 | Остварено 2017 | Индекс на остварено 2017 / 2016 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| 419 | Останати услуги | 4191 | Геодетски услуги | 10.928,0 | | |
| 419 | Останати услуги | 4192 | Регистрација на возила | 138.780,0 | 127.019,0 | 91,53 |
| 419 | Останати услуги | 4193 | Услуги за користење на автопостојки | 1.687,0 | 3.036,0 | 179,96 |
| 419 | Останати услуги | 4194 | Услуги за контр. на квал. атест на добра | | | |
| 419 | Останати услуги | 4196 | Огласи и соопштенија | 26.613,0 | 83.441,0 | 313,53 |
| 419 | Останати услуги | 41997 | Други услуги | 38.907,0 | 4.289,0 | 11,02 |
| **419** | **Вкупно** | | | **216.915,0** | **217.785,0** | **100,40** |
| | | | | | | |
| 422 | Останати трошоци на вработените | 4220 | Отпремнина при пензионирање | 46.914,0 | | |
| 422 | Останати трошоци на вработените | 4221 | Испратнина при технолошки вишок | | | |
| 422 | Останати трошоци на вработените | 4223 | Помош за смрт на работник и член на сем. | 15.000,0 | 115.872,0 | 772,48 |
| 422 | Останати трошоци на вработените | 4224 | Регрес за годишен одмор - К 15 | 2.925.000,0 | | |
| 422 | Останати трошоци на вработените | 4229 | Останати трошоци на вработените | | | |
| **422** | **Вкупно** | | | **2.986.914,0** | **115.872,0** | **3,88** |
| | | | | | | |
| 449 | Останати трошоци од работењето | 44900 | Интелектуални услуги | 136.250,0 | | |
| 449 | Останати трошоци од работењето | 44901 | Трошоци по договор за дело | 817.516,0 | 510.358,0 | 62,43 |
| 449 | Останати трошоци од работењето | 44902 | Консултански услуги | | | |
| 449 | Останати трошоци од работењето | 44903 | Трош.за ревизија на финан.извештаи | 148.500,0 | 150.000,0 | 101,01 |
| 449 | Останати трошоци од работењето | 44904 | Трошоци за вештачење | 28.560,0 | 5.900,0 | 20,66 |
| 449 | Останати трошоци од работењето | 44905 | Адвокатски услуги | 83.040,0 | 211.051,0 | 254,16 |
| 449 | Останати трошоци од работењето | 44906 | Нотарски услуги | 35.915,0 | 2.645,0 | 7,36 |
| 449 | Останати трошоци од работењето | 44907 | Трошоци на извршители | 11.298,0 | 13.017,0 | 115,22 |
| 449 | Останати трошоци од работењето | 44908 | Трошоци по судски решенија | | | |
| 449 | Останати трошоци од работењето | 44909 | Трошоци за проценка на капиталот | | 12.000,0 | |
| 449 | Останати трошоци од работењето | 4491 | Трошоци за контрола на квалитет | | 7.186,0 | |
| 449 | Останати трошоци од работењето | 4492 | Весници и списанија | 18.344,0 | 7.828,0 | 42,67 |
| 449 | Останати трошоци од работењето | 4493 | Стручна литература | | 3.524,0 | |
| 449 | Останати трошоци од работењето | 4494 | Трошоци за лиценци и сертификати | 17.000,0 | 67.710,0 | 398,29 |

| Конто | Опис | | | Остварено 2016 | Остварено 2017 | Индекс на остварено 2017 / 2016 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| 449 | Останати трошоци од работењето | 4495 | Трошоци за ИСО стандард | | | |
| 449 | Останати трошоци од работењето | 4496 | Трошоци за порибување на акумулација | | | |
| 449 | Останати трошоци од работењето | 4497 | Трошоци за медијација | 10.295,0 | | |
| 449 | Останати трошоци од работењето | 4498 | Трошоци за волонтерска работа | | | |
| 449 | Останати трошоци од работењето | 44990 | Останати трошоци во работењето | 60,0 | | |
| 449 | Останати трошоци од работењето | 44991 | Останати трошоци - влезници | | | |
| **449** | **Вкупно** | | | **1.306.778,0** | **991.219,0** | **75,85** |

# ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД

## ИЗВОД БР. 125

За промените и состојбата на средствата на сметката на ден **30.06.2018** година

Назив на сметка: **СТРЕЖЕВО БИТОЛА**
Сметка: **250-0110004957-95**
Даночен/матичен број : **4002978113467**

| Стара состојба | дневен промет | | | | Нова состојба |
|---|---|---|---|---|---|
| | одливи | | приливи | | |
| 13.003.864,00 | 1 | 360,00 | 0 | 0,00 | 13.003.504,00 |

## ЗБИРЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ОДОБРУВАЊЕ-ЗАДОЛЖУВАЊЕ

| Р.бр. | Назив на примач - налогодавач / Сметка | Банка | Даночен број | Износ одлив | Износ прилив | Шиф | Цел на дознака | Повикување | Рекламација | Провизија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
| 1 | ШПАРКАСЕ БАНКА - ЗА КАМАТА И ПРОВИЗИЈА ОД<br>250-0000033333-22 | ШПАРКАСЕ БАНКА<br>100000000025071 | 4030993261735 | 360,00 | 0.00 | 666 | 30.06.2018 - Плаќање провизија на банки за услуги во платен промет | 30.06.2018<br>1603010000-5562538 | | 0.00 |

**Вкупно :**

| | | |
|---|---|---|
| 1. Стара состојба во денари | | 13.003.864,00 |
| 2. Дневен промет во денари | 360,00 | 0,00 |
| 3. Нова состојба во денари | | 13.003.504,00 |
| 4. Одобрено дозволено пречекорување | | 0.00 |
| 5. Искористено дозволено пречекорување | | 0.00 |
| 6. Неискористено дозволено пречекорување (4-5) | | 0.00 |
| Вкупно расположливо салдо (3+6) | | 13.003.504,00 |
| **Износ на необработени налози** | | |

**Почитувани,**

Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје посветува големо внимание со цел да овозможи брза, навремена и точна достава на девизните изводи и пропратната документација за правни лица.

Во насока на остварување на посочената цел, Банката Ве известува дека нуди опција девизните изводи и пропратната документација да Ви ги доставува преку електронска пошта на Вашата е-маил адреса.

Ве замолуваме да ја посетите најблиската експозитура со цел пополнување на Образец за контакт информации за достава на девизни изводи или истиот образец потпишан од законскиот застапник на правното лице да се достави преку електронска пошта до вработени на Банката, со кои најчесто комуницирате.

За сите дополнителни информации, Ве молиме да се обратите до најблиската експозитура.

Со почит,

Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје

СТОПАНСКА БАНКА А.Д. БИТОЛА
Битола Централа
(организациона единица на Банката)

ИЗВОД 121

ЗА ПРОМЕНИ НА СОСТОЈБАТА НА СРЕДСТВАТА НА СМЕТКАТА НА ДЕН

Фах 000070

29.06.2018 ГОДИНА

**ЈП СТРЕЖЕВО Битола**
(назив на имател на сметката)

Тел. 207-816,207-
Факс. 201-833

Битола **500-0000000172-93**
(број на сметката)

даночен број 4002978113467

| претходна состојба | дневен промет | | нова состојба | број на налози | |
|---|---|---|---|---|---|
| | долгува | побарува | | задолжување | одобрување |
| 6,951,834.00 | 804.00 | 3,073.00 | 6,954,103.00 | 2 | 3 |

## ЗБИРЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ОДОБРУВАЊЕ - ЗАДОЛЖУВАЊЕ

Примивме во корист / на товар на сметката

| Р.бр на нал. | Назив и седиште на примачот - налогодавачот / број на сметката | Депонент на (назив и седиште на банката) | ИЗНОС задолжува | ИЗНОС одобрува | Шифра | цел на дознаката | Повикување на број (задолжување) Повикување на број (одобрување) | Податоци за рекламација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | КАНДИКО ДОО Битола БИТОЛА 500-0000001300-07 | Стопанска Банка АД Битола | 654.00 | 0.00 | 200 | Плаќање по основ на промет на производи и стоки помеѓу правните субјек | 1-1/92344 | 8747002 846421 |
| 2 | Стопанска Банка а.д. Битола -провизија 500-0000000011-91 | Стопанска Банка АД Битола | 150.00 | 0.00 | 666 | [AutoProv]ДДВ извештај за 6/2018 | 500000000017293 | 8778822 883761 |
| 3 | БОБИ 99 ЈТД с. Логоварди Битола 500-0000001817-08 | Стопанска Банка АД Битола | 0.00 | 1,823.00 | 200 | Плаќање по основ на промет на производи и стоки помеѓу правните субјек | 000020 | 8747002 848942 |
| 4 | ЛУБЕ РАЗМОВСКИ 300-0670750174-61 | Комерцијална Банка АД Скопје | 0.00 | 234.00 | 930 | ПЕЦО РАЗМОВСКИ ДРАГАРИНО 1715408 | 0 1715408-2018 | 8753323 346042 |
| 5 | ЛУБЕ РАЗМОВСКИ 300-0670750174-61 | Комерцијална Банка АД Скопје | 0.00 | 1,016.00 | 930 | РАЗМОВСКИ ЉУБЕ ДРАГАРИНО 1701208 | 0 1701208-2018 | 8753323 346052 |

Вкупно за сметката 500-0000000172-93
(има 5 налози)

| Вкупно денари | 804.00 | 3,073.00 |
|---|---|---|

ЦЕНТРАЛНА КООПЕРАТИВНА БАНКА АД Скопје

**БИТОЛА**

(организациона единица на Банката)

## ИЗВОД 24

## ЗА ПРОМЕНИ НА СОСТОЈБАТА НА СРЕДСТВАТА НА СМЕТКАТА НА ДЕН 29.06.2018

Валута: **MKD**

**ЈП СТРЕЖЕВО**

(назив на сметката)

Тел: 047207833

Факс. 047207819

БИТОЛА 7000 БУЛЕВАР 1 МАЈ ББ

**320 1000024678 75**

(број на сметката)

Даночен број: 4002978113467

| Предходна состојба од 28.06.2018 | Дневен промет | | Нова состојба | Број налози | |
|---|---|---|---|---|---|
| | долгува | побарува | | задолжување | одобрување |
| **675,732.00** | **400.00** | **28,630.00** | **703,962.00** | 1 | 2 |

## ЗБИРЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ОДОБРУВАЊЕ - ЗАДОЛЖУВАЊЕ

Примивме во корист - на товар на сметката

| Р.бр. на нал. | Назив и седиште на примачот- налогодавачот / Број на сметката | Депонент на (назив и седиште на банката) | ИЗНОС Задолжува | ИЗНОС Одобрува | Шифра | цел на дознаката | Повикување на број (задолжување) Повикување на број (одобрување) | Податоци за рекламација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ЦЕНТРАЛНА КООПЕРАТИВНА БАНКА АД Скопје 320000000005050 | Централна кооперативна банка АД Скопје | **400.00** | **0.00** | 930 | Наплата на достасана провизија по клиентска сметка МК07 3201 0000 2467 875 | | ИП-7120900890 |
| 2 | MEGAGRUP KOMPANI DOOEL BITOLA 300060000136512 | Комерцијална банка АД Скопје | **0.00** | **28,603.00** | 200 | Pl.po osnov na promet na proiz.i stoki pomeggu prav.subj.osv.po osnov n | 01 / 01 | IR-0702225 / ЖО-6955000591 |
| 3 | ЦЕНТРАЛНА КООПЕРАТИВНА БАНКА АД Скопје 320000000005050 | Централна кооперативна банка АД Скопје | **0.00** | **27.00** | 930 | Камата за Трансакциска с-ка во MKD на ЈП СТРЕЖЕВО: 28.06.2018 | | БФ-4307300592 |
| Вкупно за сметката: **320 1000024678 75**<br>Налози: **3**<br>Провизии: **0.00** | Вкупно | **400.00** | **28,630.00** | | | | |